ОСНОВНИОТ СУД ВЕЛЕС како првостепен суд преку стечајниот судија Дара Арсова, постапувајќи во отворената стечајна постапка над должникот Друштво за производство, трговија и услуги АГРО-МАРКЕТ К и Б ДООЕЛ Велес-во стечај, постапувајќи по предлог за свикување на собрание на доверители поднесен од стечајниот управник Весела Петрулева од Велес, на ден 03.11.2025 година го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

Предлогот на стечајниот управник Весела Петрулева од Велес за свикување на Собрание на доверители на стечајниот должник Друштво за производство, трговија и услуги АГРО-МАРКЕТ К и Б ДООЕЛ Велес-во стечај СЕ УСВОЈУВА.

СЕ ЗАКАЖУВА Собрание на доверители на стечајниот должник Друштво за производство, трговија и услуги АГРО-МАРКЕТ К и Б ДООЕЛ Велес-во стечај за ден 24.11.2025 година во 11,00 часот во просториите на Основен суд Велес, во судница бр.4 со следниот

ДНЕВЕН РЕД

1. Донесување одлука за прифаќања на понуда за продажба на имотот - стечајна маса на должникот Палет бр. 2 кој се состои од Товарно моторно возило марка ВОЛСФАГЕН КАДУУ АХО со проценета вредност 430.500,00 денари, од понудувачот Книжара ИВА 2003 ДООЕЛ Велес со понудена цена од 310.000,00 денари ( 72 % од проценетата вредност)
2. Донесување одлука за прифаќања на понуда за продажба на имотот - стечајна маса на должникот Палет бр. 3 кој се состои од Товарно моторно возило марка ФОРД ТРАНСИТ КОННЕКТ со проценета вредност 92.500,00 денари, од понудувачот ГОГО - 2 КОМЕРЦ ДОО експорт-и,порт с.Стајковце Скопје со понудена цена од 40.000,00 денари ( 43.24 % од проценетата вредност)

Да се објави оглас на огласна табла на судот, во Службен весник на РСМ, на веб страната на ЦР на РСМ и во еден дневен весник.

О б р а з л о ж е н и е

Со Решение на овој суд СТ.бр.11/2024 од 18.09.2024 година отворена е стечајна постапка над должникот Друштво за производство, трговија и услуги АГРО-МАРКЕТ К и Б ДООЕЛ Велес-во стечај.

Врз основа на одлука на Извештајното Собрание на доверители и одлука на Одборот на доверители, а согласно чл.98 и чл.99 од Законот за стечај, од страна на стечајниот управник е објавен оглас за продажба на имот - стечајна маса на должникот Пакет бр. 1, пакет бр. 2 и пакет бр. 3 а која се одржа на ден 21.10.2025 година.

Стечајниот управник до судот на ден 30.10.2025 година достави предлог за свикување на Собрание на доверители по спроведена постапка на електронска продажба, со која го извести судот дека на одржаната електронска аукција е постигната највисока понуда за имотот предмет на продажба за пакет бр. 2 и пакет бр. 3, додека за пакет бр. 1 немало понуди.

При ваква состојба, следуваше стечајниот судија да одлучи како во изреката на решението, а согласно чл.46 ст.1 т.1 в.в. со чл.99 ст. 2 од Законот за стечај. Одлуката за јавно објавување е донесена согласно чл.45 ст.2 в.в. со чл.10 ст.3 од Законот за стечај.

ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС, СТ.бр.11/2024 од 03.11.2025 година

Стечаен судија
Дара Арсова

ПРАВНА ПОУКА:Против ова решение не е дозволена посебна жалба

ДН. стечаен управник - Весела Петрулева од Велес
огласна табла на судот
ЦР на РСМ Велес
оглас во Службен весник на РСМ
оглас во еден дневен весник